**УСЛУГИ НА SMG**

**ПРАВИЛА ЗА РАБОТА**

**Датум на важност:** март 2018 г.

Овие Правила за работа, заедно со Политиката за приватност на SMG („**Правила**“) ги содржат правилата и условите врз основа на кои Service Management Group, LLC и нејзините филијали (“**SMG**” или „ние“ или „нас“) ви нудат пристап до веб-локациите, услугите и апликациите, вклучувајќи ги и мобилните апликации, на кои се однесуваат или на кои упатуваат овие Правила (колективно, „**Услуги на SMG**”).

Пред да им пристапите и да ги користите Услугите на SMG, прочитајте ги внимателно овие Правила; тие претставуваат правна спогодба меѓу SMG и вас.

АКО КОРИСТИТЕ КОЈА БИЛО ОД УСЛУГИТЕ НА SMG, ГИ ПРИФАЌАТЕ ОВИЕ ПРАВИЛА И ПОТВРДУВАТЕ ДЕКА МОЖЕТЕ И СТЕ ПРАВНО СПОСОБНИ ДА ГО ПРАВИТЕ ТОА. АКО КОРИСТИТЕ УСЛУГИ НА SMG ВО ИМЕ НА ВАШИОТ ВРАБОТУВАЧ, ВАШЕТО ПРИФАЌАЊЕ НА ПРАВИЛАТА СЕ СМЕТА ЗА СПОГОДБА МЕЃУ ВАШИОТ ВРАБОТУВАЧ И SMG, А ВИЕ ПОКАЖУВАТЕ И ГАРАНТИРАТЕ ДЕКА ИМАТЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ДА ГО ОБВРЗЕТЕ СВОЈОТ ВРАБОТУВАЧ СО ОВИЕ ПРАВИЛА.

ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА: Овие Правила содржат одредби кои ја ограничуваат нашата одговорност кон вас и кои ве обврзуваат да ги решите сите спорови со нас со финална и обврзувачка арбитража на индивидуална основа, а не преку групна тужба. Видете „ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ НЕПРИЗНАВАЊЕ ГАРАНЦИИ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА“ (дел 7) и „РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ“ (дел 9) подолу за повеќе информации.

**АКО НЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ СО СИТЕ ПРАВИЛА НАВЕДЕНИ ВО ОВИЕ ПРАВИЛА ЗА РАБОТА И СО ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ НА SMG, НЕ МОЖЕ ДА ГИ КОРИСТИТЕ УСЛУГИТЕ НА SMG.**

**1. ПРОМЕНА НА ПРАВИЛАТА**

Датумот кога почнуваат да важат овие Правила е наведен во горниот дел на веб-локацијата. Кога додаваме нови карактеристики, можно е да ги измениме овие Правила. SMG може да ги измени овие Правила во секое време со ажурирање на Правилата. Сите измени се обврзувачки за вас; затоа, треба да ја посетувате оваа страница повремено за да ги прегледувате овие Правила. Ако продолжите да ги користите Услугите на SMG по објавувањето на изменетите Правила значи дека ги прифаќате изменетите Правила. Изменетите Правила ги заменуваат сите претходни верзии на спогодби, известувања или изјави за Правилата, но промените нема да важат ретроактивно.

## 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАВИЛА

Одредени услуги кои ги нудат Услугите на SMG или се нудат преку нив, како што се мобилните апликации, наградните натпревари, натпреварувања со понуди и други услуги, може да се регулираат со дополнителни правила и услови кои одат заедно со нив („Дополнителни правила“). Мора да ги прифатите дополнителните правила пред да ги користите тие услуги. Сите дополнителни правила се применуваат покрај примената на овие Правила. Ако некоја одредба од дополнителните правила е во спротивност со некоја одредба од овие Правила, предност над недоследната одредба во овие Правила ќе имаат дополнителните правила, но само во однос на недоследноста.

## 3. ПРИВАТНОСТ/БЕЗБЕДНОСТ

Пред користење на Услугите на SMG, внимателно прочитајте ја Политиката за приватност на SMG за да дознаете какви лични податоци собира SMG на Услугите на SMG, како ги обработува и со кого може да ги споделува личните податоци. Може да најдете примерок од Политиката на приватност на SMG на:

## 4. СОДРЖИНА НА SMG

Услугите на SMG, вклучувајќи ги и сите информации, графички содржини, слики, уметнички творби, текстови, видеоснимки, податочни компилации, софтвер, аудиоснимки, трговски марки, услужни марки, логоа, трговски имиња и друга содржина дадени на, во или преку Услугите на SMG (колективно, „**Содржина на SMG**“) се сопственост на SMG, нејзините филијали, партнери, даватели на лиценци или претставувани компании и се заштитени со законите на САД и странските закони за авторски права, патенти на трговски марки и други закони. Со исклучок на наведеното подолу во делот за ограничена лиценца или пропишаното со важечките закони, ниту авторските права, трговските марки, другата интелектуална сопственост ниту кој било дел од Услугите на SMG може да се користат, репродуцираат, дуплираат, копираат, продаваат, препродаваат, пристапуваат, менуваат или поинаку експлоатираат, целосно или делумно, за каква било цел, без наша претходна писмена согласност. Неовластеното користење на содржината на SMG може да ги повреди законите за авторски права, трговски марки и другите закони.

Ако ги прифаќате овие Правила (како и сите дополнителни правила и услови поврзани со конкретна содржина на SMG), SMG ви дава лична, отповиклива, неексклузивна, непреносliva и ограничена лиценца (без право за издавање на подлиценца) за пристапување и користење на Услугите на SMG и за преземање, печатење и/или копирање на содржината на SMG која е само за ваша лична употреба и која е предмет на овие Правила. Прифаќате дека трговските тајни и интелектуалната сопственост отелотворени во Услугите на SMG не ви биле, и нема да ви бидат, дадени под лиценца или откриени на друг начин. Прифаќате дека HTML-кодот кој SMG го креира за генерирање на страниците на Услугите е заштитен со авторските права на SMG. SMG ги задржува сите права кои не се изречно дадени тука.

Се согласувате дека освен ако SMG не ви даде претходно писмено овластување за тоа, вие <u>нема</u>:

a. да вклучите никаква содржина на SMG во некое друго дело (на пример, вашата сопствена веб-локација) или да користите содржина на SMG јавно или комерцијално;
b. да смените објава за авторски права, трговски марки или други права на интелектуална сопственост што може да се дел од содржината на SMG; или
c. да користите „длабока врска“ до која било од Услугите на SMG (односно, врска до некоја страница освен почетната страница на една од Услугите на SMG).

Трговските марки, логоата и услужните марки („Марките“) изложени во или преку Услугите на SMG се сопственост на SMG или на трети страни. Забрането ви е да ги користите марките без претходна писмена дозвола од SMG или слична трета страна. Ако сакате информации за тоа како да добиете дозвола од SMG за користење на содржината на SMG, обратете се на следнава е-пошта: privacyofficer@smg.com.

## 5. КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА SMG

5.1. Подобност: Услугите на SMG не треба да ги користат деца кои се под возраста на која во земјата на живеење законски можат да дадат согласност да им бидат обработувани личните податоци. Ако сте под возраста за давање согласност во својата земја, не смеете да ги користите Услугите на SMG.

5.2. Вашата сметка: Можеби ќе треба да креирате сметка („**Сметка**“) за да користите некои карактеристики на Услугите на SMG. Се согласувате дека ќе давате, одржувате и ажурирате точни, тековни и целосни информации за себе. Се согласувате дека нема да се претставувате како друго лице или субјект или да се претставувате лажно себеси или да прикажувате поврзаноста со некое лице или субјект, како и дека нема да ги користите корисничкото име, лозинката или другите информации од сметката на друго лице, или името, сличноста, гласот, сликата или фотографијата на друго лице. Понатаму, се согласувате дека ќе нè известувате навремено на privacyofficer@smg.com за секакво неовластено користење на вашето корисничко име, лозинка и други информации од сметката или за секаква друга повреда на безбедноста за кои сте станале свесен/свесна, а кои се однесуваат на Услугите на SMG.

**Креирајќи сметка, се согласувате дека SMG може да ви се обрати на адресата за е-пошта што ќе ја дадете при активирање на вашата Сметка.**

Не дозволувајте други да ја користат вашата сметка. Вие сте одговорен/одговорна за севкупното користење на вашата сметка, вклучувајќи го и користењето од страна на други лица на кои сте им дале пристап до неа.

5.3. Вашите одговорности:

**Вашата согласност да ги користите Услугите на SMG само за законски цели.** Се согласувате дека ќе ги користите Услугите на SMG само за законски цели. Нема да ги користите Услугите на SMG на начин што би можел да ги оштети, деактивира, преоптовари или онеспособи серверите или мрежите на SMG или на друго лице да му го попречи користењето на и уживањето во Услугите на SMG.

**Согласност за не користење на Услугите на SMG за незаконски или неовластени цели.** Понатаму, се согласувате дека нема да се обидете да добиете неовластен пристап до Услугите на SMG, сметките на другите корисници или компјутерските системи или мрежи на SMG со хакирање, „копање“ по лозинки или други средства. Без ограничување на погоре наведеното, се согласувате дека нема (и дека нема да охрабрувате или да дозволите трета страна):

a. да копирате, менувате, адаптирате, преведувате, расклопувате, декодирате или поинаку да се обидувате да извлечете или добиете пристап до кој било дел од Услугите на SMG или содржината на SMG;
b. да ги отстранувате известувањата за авторски права, трговски марки или други сопственички права содржани во Услугите на SMG или содржината на SMG;
c. да ги заобиколувате, деактивирате или поинаку да ги попречувате карактеристиките поврзани со безбедноста или со спречувањето измами на Услугите на SMG или карактеристиките за спречување или ограничување на користењето или копирањето на каква било содржина на SMG или да наметнувате ограничувања на користењето на Услугите на SMG или содржината на SMG;
d. да ги злоупотребувате Услугите на SMG со свесно внесување вируси, тројанци, црви, логички бомби, шпионски софтвер, злонамерен софтвер или друг злонамерен или технолошки штетен материјал;
e. да користите каков било робот, пајак, апликација за пребарување веб-локации/за преземање или друг автоматизиран уред, процес или средство за пристап, преземање, автоматско префрлање или индексирање на кој било дел од Услугите на SMG;
f. да ги најмувате, изнајмувате, позајмувате, продавате, подлиценцирате, назначувате, дистрибуирате, објавувате, пренесувате или поинаку нудите Услугите на SMG или која било карактеристика или функционалност на Услугите на SMG, на трета страна, од која било причина, вклучително и да ги нудите Услугите на SMG на мрежа на која можат во секое време да пристапат повеќе од еден уред;
g. да реформатирате или да структурирате кој било дел од веб-страниците кои се дел од Услугите на SMG;
h. да креирате повеќе од една сметка со автоматизирани средства или со лага или измама; или
i. да собирате или складирате лични податоци за некој друг корисник без негова претходна писмена согласност.

**Последици од неовластеното користење или злоупотреба на Услугите на SMG.** Се согласувате дека вашето право на користење на Услугите на SMG ќе престане веднаш штом повредите некое од овие правила и дека SMG може да одлучи да го прекине вашиот пристап до Услугите SMG без претходно известување ако повредите некое од барањата или забраните наведени во овие Правила или во кои било дополнителни важечки Правила. Понатаму, се согласувате да ги вратите или уништите сите копии што сте ги направиле од кои било материјали од веб-локацијата, ако ние го побараме тоа од вас.

Неовластеното користење и злоупотреба на Услугите на SMG се строго забранети; во зависност од околностите, може против вас да се поднесе граѓанска тужба за отштета и/или да бидете кривично гонети. SMG го задржува правото да ги извести органите за спроведување на законите за сите прекршувања на овие Правила или за неовластеното користење или злоупотреба на Услугите на SMG. Во случај на неовластено користење или злоупотреба на Услугите на SMG, вашето право да ги користите Услугите на SMG ќе престане веднаш, а SMG може да го прекине вашиот пристап до Услугите на SMG без известување.
**Вашата одговорност за такси, надоместоци и други трошоци поврзани со користењето на Услугите на SMG (вклучувајќи надомест за праќање текстуални пораки).** Единствено вие сте одговорен/одговорна за сите такси, надоместоци и други трошоци во врска со користењето на Услугите на SMG. Ако пристапувате до и ги користите Услугите на SMG на вашиот паметен телефон, таблет или друг мобилен

уред, мора да имате безжична услуга преку Wi-Fi или некој вклучен давател на мобилни услуги. За одредени услуги може да е потребна можност за размена на текстуални пораки (SMS или MMS). Се согласувате дека единствено вие сте одговорен/одговорна за сите такси за пораки и податоци направени кон давателот на мобилни услуги. SMG нема дополнително да наплаќа за услугите за текстуални пораки, но може да има тарифи за размена на пораки и податоци. Сите такси ги наплаќа и му се плаќаат на давателот на мобилни услуги. Контактирајте со својот давател на мобилни услуги за тарифните модели и деталите за цени. SMG не е одговорна за доцнењето на испораката на текстуалните пораки или за неуспешната испорака на текстуалните пораки затоа што испораката зависи од ефективноста на преносот на давателот на мобилни услуги. Може да не се достапни текстуални пораки во секое време и во сите области.

**Последици од согласноста да потврдите дека сакате да примате текстуални пораки.** Штом потврдите дека сакате да примате текстуални пораки од нас, фреквентноста на текстуалните пораки кои ќе ви ги праќаме ќе зависи од вашите трансакции со нас. **Прифаќајќи да примате текстуални пораки, вие разбирате и се согласувате дека SMG може да користи систем за автоматско бирање за да ви испорачува текстуални пораки, понатаму, разбирате и дека ваша согласност да примате текстуални пораки не е потребна за да може да купувате стоки или услуги.**

5.4. <u>Поднесоци</u>. SMG може повремено да ви даде вам и на други корисници можност доброволно да објавувате или поинаку да поднесувате оценки, предлози, видео коментари, идеи, белешки, концепти или други информации или материјали до или преку Услугите на SMG (колективно, "**Поднесоци**").

Единствено вие сте одговорен/одговорна за вашите поднесоци и за последиците од поднесувањето и објавувањето такви поднесоци. Единствено вие сте одговорен/одговорна за сета штета која произлегува од повреда на авторските права, сопственичките права или за сета друга штета која поизлегува од вашите поднесоци. Кога поднесувате или објавувате поднесоци, треба да го ограничите, колку можете повеќе, бројот лични податоци кои ги давате, затоа што поднесоците можеби може да се поврзат со вас, во зависност од тоа кои податоци ги давате.

Кога праќате, објавувате или пренесувате поднесоци до SMG (и/или наше избрано лице/наши избрани лица) или до која било област на Услугите на SMG, автоматски потврдувате или гарантирате дека вие или некој друг сопственик на материјалот кој го поднесувате, изречно ѝ дал на SMG и на нејзините избрани лица во светот, неексклузивно подлиценцирачко, (преку многу слоеви), преносливо, ослободено од тантиеми, трајно, неотповикливо право да ги користат, репродуцираат, подлиценцираат (преку многу слоеви), дистрибуираат, креираат изведени дела, изведуваат и увезуваат вашите поднесоци (целосно или делумно) во кој било медиум познат во моментот или медиум што ќе биде развиен, за какви било цели, комерцијални или поинакви, без надомест за вас. Со други зборови, SMG има автоматско право да ги користи вашите поднесоци -- вклучително и да ги репродуцира, открива, објавува или емитува -- секаде, во секое време, во кој било медиум и за каква било цел, без да ви плати никаков надомест или да има некаква обврска кон вас. Дозволувате и кој било корисник да пристапи до, да го гледа, складира или репродуцира вашиот поднесок за своја лична употреба. Со ова, на SMG (и/или на нашите избрани лица) ѝ давате право да користи кои било од вашите

поднесоци за каква било цел и секаде. Во никаков случај немате право на некаков вид исплата ако SMG (и/или на нејзините избрани лица) користат некој од вашите поднесоци. Сите поднесоци се смета дека не се од доверлив карактер и не се предмет на авторско-правна заштита.

Поднесоците кои ги објавувате може да се направат јавно достапни. Потврдувате дека немате никакви очекувања за приватност во однос на кои било ваши поднесоци. Понатаму, потврдувате дека поднесоците ги правите доброволно и на сопствен ризик. Треба да расудувате правилно кога објавувате информации, забелешки или друга содржина во врска со SMG, клиентите на SMG или некој друг субјект или лице. Може да се смета дека сте законски одговорен/одговорна за сите штети кои други корисници, SMG, или трети страни ги претрпеле поради поднесоци кои содржат клевета или по кои може законски да се постапува од други причини. Кога објавувате поднесок, може да изберете да го поврзете поднесокот со своето корисничко име или со псевдоним, освен ако важечките закони во вашата земја на живеење не пропишуваат поинаку.

SMG не е законски одговорна за поднесоците направени од корисници, дури и кога тие поднесоци содржат клевета или по нив може законски да се постапува од други причини. SMG не е одговорна за, и не ги одобрува, мислењата, советите или препораките објавени или поинаку поднесени до или преку Услугите на SMG. SMG конкретно се оградува од секаква одговорност во врска со таквите поднесоци. SMG не ги потврдува и не ги проверува квалификациите, минатото или способностите на корисниците; истото важи и за информациите кои тие ги објавуваат на или преку Услугите на SMG. Затоа, SMG ве поттикнува да користите здрав разум и да расудувате правилно кога ги подготвувате поднесоците.

Кога објавувате поднесок, се согласувате, потврдувате и гарантирате дека поднесокот:

a. е вистинит и точен;
b. се однесува на одреден предмет или тема на Услугите на SMG;
c. не нарушува, бесправно присвојува или повредува авторско право, трговска марка, патент, авторска, трговска тајна, приватност, публицитет, сопственост, договорно право или какво било друго право на трета страна;
d. не содржи информации што идентификуваат некое лице или информации кои инаку содржат лични податоци на некое лице, освен ако претходно немате добиено писмена согласност од тоа лице;
e. не прави непоткрепени тврдења за некоја трета страна или нејзините производи или услуги;
f. не содржи клеветнички, погрдни, лажни, погрешни, вулгарни, срамни, порнографски, насилни, нетрпеливи, сексуално експлицитни, злобни, навредливи, заканувачки, вознемирувачки, антисоцијални, сексуални или расистички коментари или друга содржина која им предизвикува штета или за која може разумно да се очекува дека ќе му предизвика штета на некое лице или субјект;
g. не е незаконски и не охрабрува или заговара незаконски активности или разговор за незаконски активности со намера да се извршат;
h. не е комерцијален или од деловна природа и не рекламира или нуди продажба на производи или услуги (со или без профит) или бара помош од други (вклучувајќи барање донации и придонеси);

i. не содржи вирус или друга штетна компонента или на друг начин ги попречува, нарушува или оштетува Услугите на SMG или која било поврзана мрежа, или на друг начин се меша во користењето или уживањето на некое лице или субјект во Услугите на SMG; и
j. е во согласност со сите важечки закони, регулативи, правила, политики и договорни услови кои се однесуваат на вашиот поднесок, како и на Услугите на SMG до кои или преку кои го објавувате или поинаку го давате својот поднесок, вклучувајќи и ограничувања според возраст.

Потврдувате и се согласувате дека SMG има право, но не и обврска, да смени, отстрани или одбие да објави или да дозволи да биде објавен некој поднесок. SMG не прифаќа никаква обврска и не презема одговорност за кој било поднесок кој сте го објавиле вие или некоја трета страна. SMG не може да обезбеди и не обезбедува дека сите корисници се придржуваат кон овие одредби и, како и меѓу вас и SMG, вие ги преземате сите ризици за штета или повреда кои произлегуваат од таквото непридржување.

SMG ве охрабрува да го минимизирате откривањето на сите лични податоци во вашите поднесоци затоа што другите лице можат да ги видат и да ги користат личните податоци во вашите поднесоци. SMG не е одговорна за информациите кои избирате да ги споделите преку поднесоците.

## 6. ВЕБ-ЛОКАЦИИ И УСЛУГИ НА ТРЕТИ СТРАНИ

Услугите на SMG може да содржат врски до веб-локации и услуги на трети страни, вклучувајќи и друштвени медиуми (колективно „**Поврзани услуги**“). Поврзаните услуги не се под контрола на SMG и SMG не е одговорна за поврзаните услуги или за кои било информации или материјали на некоја поврзана услуга, ниту за каков било облик на пренос пристигнат од поврзаните услуги. Вклучувањето врска не значи одобрување од SMG на поврзаната услуга ниту подразбира некаква поврзаност со операторите на поврзаната услуга. SMG не ги истражува, потврдува или следи поврзаните услуги. SMG дава врски до поврзаните услуги само за да ви биде полесно вам. До поврзаните услуги пристапувате на сопствен ризик.

## 7. ВАЛИДНОСТ НА ДОГОВОРОТ, НЕПРИЗНАВАЊЕ НА ГАРАНЦИИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА

SMG гарантира дека SMG има право да ги склучи овие Правила и за тоа има правна основа. Вие гарантирате дека полноважно сте ги прифатиле овие Правила и дека имате правна надлежност да го направите тоа.

**СО ИСКЛУЧОК НА ИЗРЕЧНО НАВЕДЕНОТО ПОГОРЕ, УСЛУГИТЕ НА SMG СЕ ДАВААТ „КАКО ШТО СЕ“ И „КОГА СЕ ДОСТАПНИ“ БЕЗ НИКАКВА ГАРАНЦИЈА КОЈА Е ДАДЕНА ИЗРЕЧНО ИЛИ СЕ ПРЕТПОСТАВУВА**.
SMG не ги потврдува или гарантира точноста, веродостојноста, целосноста или навременоста на содржината на SMG или на резултатите кои би се постигнале со користење на Услугите на SMG и содржината на SMG. Услугите на SMG и содржината на SMG ги користите на сопствен ризик. Повремено се прават промени на Услугите на SMG

и на содржината на SMG. Овие промени може да се случат во кое било време. Дел од содржината во рамките на Услугите на SMG може да ја обезбедуваат трети страни. SMG не е одговорна за таквата содржина од трети страни.

УСЛУГИТЕ НА SMG И СОДРЖИНАТА НА SMG СЕ ДАВААТ ВРЗ ОСНОВА „КАКО ШТО СЕ“, БЕЗ НИКАКОВ ВИД ГАРАНЦИЈА. ДО МАКСИМАЛНИОТ СТЕПЕН ШТО ГО ДОЗВОЛУВААТ ВАЖЕЧКИТЕ ЗАКОНИ, SMG КОНКРЕТНО НЕ ПРИЗНАВА НИКАКВИ ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ОД КАКОВ БИЛО ВИД, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ СИТЕ ПРЕТПОСТАВЕНИ ГАРАНЦИИ И ПОДОБНОСТА ЗА ТРГУВАЊЕ, СООДВЕТНОСТА ЗА ОДРЕДЕНА ЦЕЛ, ТИТУЛА, НЕПОВРЕДА НА СОПСТВЕНИЧКИ ПРАВА ИЛИ ПРАВА НА ТРЕТИ СТРАНИ, НЕДЕФЕКТНОСТ, НЕПРЕЧЕНА УПОТРЕБА И СИТЕ ГАРАНЦИИ ПРЕТПОСТАВЕНИ ОД КОЈ БИЛО АСПЕКТ НА ДЕЛОВНАТА ЕТИКА ИЛИ ПРАВИЛАТА НА ТРГУВАЊЕ.

SMG НЕ ГАРАНТИРА ДЕКА (А) УСЛУГИТЕ НА SMG ЌЕ ГИ ЗАДОВОЛАТ ВАШИТЕ БАРАЊА, (Б) ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА УСЛУГИТЕ НА SMG ЌЕ БИДЕ НЕПРЕКИНАТО ИЛИ БЕЗ ВИРУСИ ИЛИ БЕЗ ГРЕШКИ ИЛИ (В) ДЕКА ГРЕШКИТЕ ЌЕ БИДАТ ПОПРАВЕНИ. АКО КАКО РЕЗУЛТАТ НА ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА SMG ИЛИ СОДРЖИНАТА НА SMG СЕ ЈАВИ ПОТРЕБА ЗА СЕРВИСИРАЊЕ ИЛИ ЗА ЗАМЕНА НА ОПРЕМА, ИЛИ ДОЈДЕ ДО ЗАГУБА НА ПРОФИТ ИЛИ ПОДАТОЦИ, SMG НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРНА ЗА ТИЕ ТРОШОЦИ. СИТЕ УСНИ ИЛИ ПИСМЕНИ СОВЕТИ КОИ ГИ ДАВА SMG, ИЛИ НЕЈЗИНИТЕ ОВЛАСТЕНИ ПРЕСТАВНИЦИ, НЕ ПРЕТСТАВУВААТ И НЕМА ДА ПРЕТСТАВУВААТ ГАРАНЦИЈА. НЕКОИ ЗАКОНОДАВСТВА НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТПОСТАВЕНИ ГАРАНЦИИ, А ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ДЕЛ ИЛИ СИТЕ ИСКЛУЧОЦИ МОЖЕ ДА НЕ ВАЖАТ ЗА ВАС.

**УСЛУГИТЕ НА SMG ГИ КОРИСТИТЕ НА СОПСТВЕН РИЗИК.** Ако сте незадоволен/незадоволна од Услугите на SMG, како и од која било содржина на Услугите на SMG, вашето единствено решение е да престанете да ги користите Услугите на SMG.

СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ВО НИЕДЕН СЛУЧАЈ SMG, ИЛИ КОИ БИЛО ТРЕТИ СТРАНИ НАВЕДЕНИ НА КОЈА БИЛО ОД УСЛУГИТЕ НА SMG, НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРНА ЗА (А) КАКВА БИЛО ПОВРЕДА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ДИРЕКТНИ, ИНДИРЕКТНИ, ПОСЕБНИ, ПРИМЕРНИ, СЛУЧАЈНИ, ПОСЛЕДИЧНИ ИЛИ КАЗНЕНИ ОШТЕТИ ИЛИ КАКОВ БИЛО ДРУГ ВИД ОШТЕТИ (ВКЛУЧУВАЈЌИ, НО НЕ И ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА, НАБАВКА НА ЗАМЕНСКА СТОКА ИЛИ УСЛУГИ, ГУБЕЊЕ НА УПОТРЕБА, ПОДАТОЦИ ИЛИ ПРОФИТИ ИЛИ ПРЕКИН НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ), ПРЕДИЗВИКАНИ КАКО БИЛО И СПОРЕД КОЈА БИЛО ТЕОРИЈА ЗА ОДГОВОРНОСТ КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА НА КАКОВ БИЛО НАЧИН ВО ВРСКА СО ОВИЕ ПРАВИЛА ИЛИ КОРИСТЕЊЕТО ИЛИ НЕМОЖНОСТА ДА СЕ КОРИСТАТ УСЛУГИТЕ НА SMG ИЛИ НИВНАТА СОДРЖИНА, ВРЗ ОСНОВА НА ГАРАНЦИЈА, ДОГОВОР, ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ, ДЕЛИКТ (ВКЛУЧУВАЈЌИ НЕБРЕЖНОСТ ИЛИ СЛИЧНО) ИЛИ КОЈА БИЛО ДРУГА ЗАКОНСКА ТЕОРИЈА, ДУРИ И SMG ДА БИЛА ПРЕДУПРЕДЕНА ЗА МОЖНОСТА ОД НАСТАНУВАЊЕ НА ТАКВА ШТЕТА, ИЛИ (Б) ЗА КОЕ БИЛО ДРУГО БАРАЊЕ, ПОБАРУВАЊЕ ИЛИ БАРАЊЕ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД КАКОВ БИЛО ВИД КОИ НАСТАНУВААТ ИЛИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЛИ ВО ВРСКА СО ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА SMG. ОВА НЕПРИЗНАВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НЕ СЕ ОДНЕСУВА НА ОДГОВОРНОСТ КОЈА НАСТАНУВА ОД СЕРИОЗНА НЕБРЕЖНОСТ НА SMG ИЛИ НАМЕРНО НЕПРОПИСНО ОДНЕСУВАЊЕ И НЕМА ДА СЕ ПРИМЕНУВА ДО СТЕПЕНОТ ДО КОЈ ЗАБРАНУВААТ ВАЖЕЧКИТЕ ЗАКОНИ.

АКО ОД НЕКОЈА ПРИЧИНА НЕПРИЗНАВАЊЕТО НА ГАРАНЦИИТЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ОДГОВОРНОСТА НАВЕДЕНИ ВО ОВОЈ ДЕЛ 7 Е/СЕ НЕПРИМЕНЛИВИ ИЛИ НЕСПРОВЕДЛИВИ ОД КОЈА БИЛО ПРИЧИНА, МАКСИМАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ НА SMG ЗА КАКОВ БИЛО ТИП ОТШТЕТИ ОТТУКА ЌЕ БИДЕ ОГРАНИЧЕНА НА 1 000 ДОЛАРИ.

**Прифаќате и се согласувате дека ограничувањата на одговорноста наведени погоре, заедно со другите одредби во овие Правила кои ја ограничуваат одговорноста, се основни правила, и дека SMG нема да ви ги даде правата наведени во овие Правила ако не ги прифатите ограничувањата на одговорност наведени погоре.**

АКО СТЕ ЖИТЕЛ НА КАЛИФОРНИЈА, СЕ ОТКАЖУВАТЕ ОД ПРАВАТА ВО СОГЛАСНОСТ СО КАЛИФОРНИСКИОТ ГРАЃАНСКИ ЗАКОНИК, ДЕЛ 1542, КОЈ ГЛАСИ: „ОПШТОТО ОДОБРУВАЊЕ НЕ СЕ ПРОШИРУВА НА БАРАЊА ЗА КОИ ДОВЕРИТЕЛОТ НЕ ЗНАЕ ИЛИ ЗА КОИ НЕ СЕ СОМНЕВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ВО НЕГОВА КОРИСТ ВО ВРЕМЕТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДОБРУВАЊЕТО, КОИ, АКО ЗНАЕЛ ЗА НИВ, СИГУРНО МАТЕРИЈАЛНО БИ ВЛИЈАЕЛЕ ВРЗ НЕГОВИОТ ДОГОВОР СО ДОЛЖНИКОТ.“

## 8. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ

Се согласувате дека на свој трошок ќе ги браните, обесштетите и ослободите од одговорност SMG и нејзините клиенти, директори, службеници, вработени и претставници за и во однос на сите загуби, одговорности, барања, тужби или побарувања, вклучувајќи без ограничување, какви било барања за надомест на штета, издатоци, трошоци за одбрана, како и разумни адвокатски и сметководствени надоместоци, наметнати на SMG од која било трета страна, а кои произлегуваат од (а) вашите поднесоци, (б) вашето користење на Услугите на SMG или (в) повреда од вашата страна на овие Правила, правата на трето лице или на важечките закони. Оваа одредба за обесштетување не важи до степенот до кој забрануваат важечките закони. SMG го задржува правото, на свој трошок, да преземе ексклузивна одбрана и контрола врз секој предмет кој подлежи на обесштетување според овие Правила. Не може да се направи никаква спогодба која влијае врз правата или обврските на SMG без претходна писмена согласност од SMG.

## 9. РАЗРЕШУВАЊЕ СПОРОВИ

Со исклучок на споровите кои се однесуваат на имотни права или обврски, или какви било тужби за повреда, кои ќе се регулираат во согласност со федералниот закон на САД, сите спорови меѓу вас и SMG кои произлегуваат од, или кои се во врска со, овие Правила, ќе се регулираат, формулираат и спроведуваат во согласност со законите на државата Мисури (САД) независно од земјата од која потекнувате или од која пристапувате до Услугите, без оглед на постоењето на каква било колизија на законските принципи. Сите такви спорови ќе се формулираат во согласност со законите на Мисури кои важат за договори кои се склучуваат и извршуваат во државата Мисури. Вие и SMG се согласувате дека Конвенцијата на Обединетите нации за договори за меѓународна продажба на стоки не важи при толкувањето или формулирањето на овие Правила.

**ВИЕ И SMG СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА СЕКОЈ ОД ВАС МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕ ТУЖБА ПРОТИВ ДРУГИОТ САМО НА ИНДИВИДУАЛНА ОСНОВА, А НЕ КАКО ТУЖИТЕЛ ИЛИ ПРЕТСТАВНИК НА ГРУПА ВО КОЈА БИЛО НАВОДНА ГРУПНА ТУЖБА ИЛИ ПОСТАПКА.**

**ВИЕ И SMG СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА СИТЕ ТУЖБИ ЌЕ СЕ РЕШАВААТ СО ОБВРЗУВАЧКА АРБИТРАЖА НА НАЧИНОТ НАВЕДЕН ВО ОВОЈ ДЕЛ 9, КАКО И ДЕКА ВИЕ И SMG СЕ ОТКАЖУВАТЕ ОД СИТЕ ПРАВА ДА ПОДНЕСУВАТЕ ТАКВИ ТУЖБИ ПРЕД НЕКОЈ СУД. ПРАВАТА КОИ БИ ГИ ИМАЛЕ АКО ОДИТЕ НА СУД, КАКО ШТО Е ПРАВОТО НА ПРИСТАП ДО ДОКАЗИ, МОЖЕ ДА БИДЕ УСКРАТЕНО ИЛИ ОГРАНИЧЕНО СО АРБИТРАЖАТА.**

Секој спор меѓу вас и SMG и нејзините претставници, вработени, службеници, директори, управници, правни следбеници, цесионери, подружници или филијали кој произлегува или е поврзан со овие Правила и нивното толкување или повреда, прекинување или важност, односите кои настануваат од тие Правила, вклучувајќи спорови за валидноста, опсегот или спроведливоста на арбитража за овие Правила (колективно, „**Опфатени спорови**", ќе бидат предмет на обврзувачка арбитража во државата Мисури која ќе ја води Американското здружение за арбитража (American Arbitration Association - AAA) во согласност со неговите правила (вклучувајќи ги неговите правила и постапки за спорови поврзани со потрошувачи) кои важат на соодветниот датум. Пред иницирањето арбитража, најмалку 60 дена порано, страната иницијатор ќе ѝ даде на другата страна писмено известување за својата намера да поднесе тужба. SMG ќе даде такво известување по е-пошта на адресата на е-пошта која сте ја дале кога сте ја креирале сметката или по е-пошта до адресата на е-пошта која поинаку сте ѝ ја доставиле на SMG; мора да ѝ дадете такво известување на SMG по е-пошта на: privacyofficer@smg.com.

Плаќањето на сите надоместоци за поднесување, водење или за арбитер ќе биде регулирано во согласност со правилата на Американското здружение за арбитража. Сепак, ако можете да покажете дека трошоците за арбитража ќе бидат превисоки за вас во споредба со трошоците за парнична постапка, SMG ќе плати дел од надоместоците за поднесување, водење и за арбитер со одлука на арбитерот за да се спречи арбитражата да биде неповолна за вас во поглед на трошоците. Ако арбитерот утврди дека тужбата/тужбите кои ги застапувате во арбитражата се своеволни, се согласувате да извршите компензација кон SMG за сите надоместоци поврзани со арбитражата која SMG ја платила во ваше име, а која инаку би биле обврзани да ја платите вие според правилата на Американското здружение за арбитража.

Еден арбитер ќе биде избран во согласност со Правилата за комерцијална арбитража на Американското здружение за арбитража. Арбитражата ќе се води на англиски јазик. Арбитерот ќе има надлежност да дозволи какво било ослободување кое е на располагање во судот според законот или начелата на праведност и секоја одлука на арбитерот ќе биде конечна и обврзувачка за секоја од страните и може да се евидентира како пресуда во кој било суд од соодветна надлежност. Сепак, арбитерот нема да има надлежност да досудува апстрактна (казнена или егземпларна) штета, од кое право и секоја страна се откажува. Арбитерот ќе ги применува важечките закони и одредбите на овие Правила; ако не го прави тоа, тоа ќе се смета за надминување на арбитрарното овластување и основа за судско разгледување. Одлуката на арбитерот мора да биде со писмено објаснување и да биде доверлива. SMG и вие сте согласни дека кој било опфатен спор ќе биде поднесен за арбитража само на индивидуална основа. **НИТУ SMG НИТУ ВИЕ ИМАТЕ ПРАВО ДА АРБИТРИРАТЕ КАКВИ БИЛО ОПФАТЕНИ СПОРОВИ ПРЕКУ ГРУПНА ТУЖБА ИЛИ ТУЖБА ОД НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ И АРБИТЕРОТ НЕМА ДА ИМА НИКАКВО ОВЛАСТУВАЊЕ ДА ПРОДОЛЖИ ВРЗ ОСНОВА НА ГРУПНА ТУЖБА ИЛИ ТУЖБА ОД НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**. Ако која било одредба од спогодбата што се арбитрира во овој дел 9 се смета за неспроведлива, неспорведливата одредба ќе биде отстранета и ќе се спроведуваат останатите арбитражни правила (но во

ниеден случај нема да има арбитража по групна тужба или тужба од државен правобранител). Независно дали некој закон или пропис предвидува нешто спротивно, известувањето за тужба која произлегува од овие Правила или е поврзана со нив, мора да се направи во рок од (1) една година од поднесувањето на тужбата; во спротивно, тужбата застарува. За целите на овој дел 9, овие Правила и поврзани трансакции ќе ги регулира и ќе бидат предмет на Федералниот закон за арбитража, 9 U.S.C. sec. 1-16 (FAA).

**Забелешка:** Ако ги прифатите овие Правила, вие експлицитно се согласувате дека се откажувате од сите тужби или дејства што може да ги поведете/преземете против SMG според законите на која било јурисдикција надвор од САД, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се, на сите тужби или дејства според законите на вашата сопствена земја, и дека вашата единствена локација и важечки закон за сите спорови е САД, во согласност со правилата наведени во овој дел 9.

## 10. НАГРАДИ

Повремено, SMG може да ви понуди можност да примате награди, како што се наградни поени, попусти или специјални понуди (колективно, „**Награди**“). Ќе ве известиме кога ќе има награди за вас преку Услугите на SMG. Придобивката од наградите може да се разликува, а истото важи и за периодот на важност, така што проверувајте ги деталите за секоја награда кога ќе ја добиете. За SurveyMini, по деведесет (90) дена неактивност, вашите наградни поени ќе престанат да важат. Вашите награди се за ваша лична употреба. Не смеете да ги префрлате, назначувате, продавате или да тргувате или да се разменувате со вашите награди. Освен ако законот не налага поинаку, наградите не може да се откупат за готовина и не може да се комбинираат со никоја промоција, понуда или друг попуст на SMG или на клиент. Нема да се даваат кредити или поврати од никаква причина по откупувањето на наградите. SMG го задржува правото да го измени, укине или прекине постоењето на наградите. Вие се согласувате да се обврзувате со одлуките на SMG кои се конечни и обврзувачки во сите работи поврзани со наградите.

## 11. АЖУРИРАЊЕ НА МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ

Повремено (по своја дискреција) може да развиеме и да обезбедиме ажурирања за нашите мобилни апликации, кои може да вклучуваат надградби, поправки за грешки, крпеници и други поправки на грешки и/или нови карактеристики (колективно, “**Ажурирања**”). Со ажурирањата може, исто така, да се изменат или целосно да избришат одредени карактеристики и функции. Се согласувате дека SMG нема обврска да нуди ажурирања или да продолжи да обезбедува или овозможува одредена карактеристика или функција.

Врз основа на поставките на вашиот мобилен уред, кога вашиот мобилен уред е поврзан со интернет: (а) ажурирањата ќе се преземат автоматски и ќе се инсталираат; или (б) може да добиете известување за ажурирањето или да бидете потсетени да преземете и инсталирате достапни ажурирања.

Брзо преземете ги и инсталирајте ги сите ажурирања. Ако не го направите тоа, делови од Услугите на SMG може да не функционираат правилно. Понатаму, се согласувате дека сите ажурирања ќе се сметаат за дел од Услугите на SMG и ќе бидат предмет на сите правила и услови на овие Правила.

## 12. ЕЛЕКТРОНСКО ДОГОВАРАЊЕ

Самиот чин на користење и/или регистрирање за Услугите на SMG претставува ваша согласност со нас да склучувате спогодби електронски.

## 13. ГЕОГРАФСКИ ОГРАНИЧУВАЊА/КОНТРОЛИ НА ИЗВОЗ

Услугите на SMG и содржината на SMG се со седиште во државата Мисури во САД и иако и двете може да се обезбедуваат за до нив да имаат пристап и да ги користат лица што се наоѓаат надвор од САД, вие прифаќате дека од законски или оперативни причини, може да нема да можете да пристапите до Услугите на SMG или содржината на SMG во вашата јурисдикција. Ако пристапите до Услугите на SMG или на содржината на SMG надвор од САД, вие сте одговорен/одговорна да се придржувате до локалните закони, вклучувајќи ги и локалите закони за увоз, извоз или повторен извоз на содржина на SMG.

За Услугите на SMG може да се применуваат законите за контрола на извоз во некои земји, вклучително и на Законот за управување со извозот на САД и регулативите поврзани со него. Се согласувате дека ќе се придржувате до тие закони и регулативи и дека нема, директно или индиректно, да извезувате, повторно извезувате или да пуштате во промет Услуги на SMG, или да давате пристап на Услугите на SMG, од која било јурисдикција или земја во која со закон, правило или регулатива се забранети извозот, повторниот извоз или пуштањето во промет. Понатаму, се согласувате дека ќе се придржувате до сите важечки федерални закони, регулативи и правила и дека ќе ги завршите сите потребни дејства (вклучувајќи и обезбедување на сите потребни извозни дозволи или друго владино одобрување), пред извезување, повторно извезување, одобрување или правење на Услугите на SMG достапни на друг начин надвор од САД. Дополнително, со преземање на содржината на SMG, се согласувате дека не сте во земја во која е забранет таков извоз и дека не сте на табелата на лица со забрана на Министерството за трговија на САД или на списокот на посебно издвоени граѓани на Министерството за финансии на САД.

## 14. ПРАВА НА ВЛАДАТА НА САД

Услугите на SMG се „комерцијален компјутерски софтвер“, како што е дефинирано во 48 C.F.R. §2.101. Согласно, ако сте орган на владата на САД или изведувач на истата, ги добивате само оние права во однос на Услугите на SMG кои им се дадени на сите други корисници со лиценци, во согласност со (а) 48 C.F.R. §227.7201 - 48 C.F.R. §227.7204, во однос на Министерството за одбрана и нивните изведувачи, или (б) 48 C.F.R. §12.212, во однос на сите други носители на лиценци на владата на САД и нивни изведувачи.

## 15. УКИНУВАЊЕ

По своја дискреција, SMG може да ги измени или да ги прекине Услугите на SMG или може да ги измени, суспендира или укине вашата сметка или вашиот пристап до Услугите на SMG, со или без претходно известување, во секое време и од секоја причина, без одговорност кон вас или кон која било трета страна. На пример, вашата сметка може да биде укината и да не ви биде дозволен пристап до Услугите на SMG, со или без известување, ако SMG има причина да се сомнева дека сте малолетно лице. Друг пример е дека, SMG може да ја укине вашата сметка и вашата можност да ги користите Услугите на SMG, со или без известување, ако SMG има причина да верува дека сте дале невистинити, нецелосни или неточни информации, или на друг начин не сте се придржувале кон Правилата и сите важечки дополнителни правила.

Се согласувате да ги вратите или уништите сите копии од сите материјали од веб-локацијата што сте ги направиле, ако ние го побараме тоа од вас.

Укинувањето нема да ги ограничи другите права или лекови на SMG. Овие Правила ќе продолжат да важат и ќе се применуваат без оглед на сите измени, прекинување, суспензија и/или укинување.

**16. БАРАЊА ЗА ПОВРЕДА НА АВТОРСКИ ПРАВА**

SMG ги почитува туѓите права на интелектуална сопственост. Реагираме на известувања за наводна повреда во согласност со Законот за авторски права во дигиталниот милениум - ЗАПДМ ("**DMCA**"), а кога е соодветно, исто така и го отстрануваме или го деактивираме пристапот до материјалот за кој се тврди дека е предмет на повреда.

Ако добронамерно верувате дека ваше дело било копирано на начин кој претставува повреда на авторско право или дека на друг начин биле повредени вашите права на интелектуална сопственост во или преку Услугите на SMG, пратете го своето барање или известување за повреда до нашиот претставник за ЗАПДМ по пошта на:

DMCA Agent
Service Management Group, LLC
1737 McGee Street
Kansas City, MO 64108

или по е-пошта:

privacyofficer@smg.com

Вашето известување мора да ги вклучува следниве информации:

a. физички или електронски потпис на лицето овластено да дејствува во име на сопственикот на ексклузивното право кое е наводно повредено;
b. идентификација на делото за чие авторско право се тврди дека е повредено, или, ако неколку дела со авторски права на една онлајн веб-локација се опфатени со едно известување, репрезентативен список на тие дела на таа веб-локација;
c. идентификација на материјалот за кој се тврди дека ги повредува авторските права или дека е предмет на повреда и кој треба да се отстрани или до кој е деактивиран пристапот, како и информации кои се разумно доволни да му овозможат на давателот на услугата да го лоцира материјалот;
d. информации кои се разумно доволни да му овозможат на давателот на услугата да контактира со страната која поднесува поплака, како што се адресата, телефонскиот број и, ако има, адреса на електронска пошта на кои може да се контактира страната која ја поднесува поплаката;
e. изјава дека страната која ја поднесува поплаката добронамерно верува дека користењето на материјалот на начинот за кој е поднесена поплака не е овластено од носителот на авторското право, неговиот претставник или законот, и
f. изјава, под закана од казна за давање лажен исказ, дека информациите во известувањето се точни и дека страната која ја поднесува поплаката е овластена да дејствува во име на сопственикот на ексклузивното право кое е наводно повредено.

Нашиот агент за ЗАПДМ ќе одговара само на известувања и прашања кои се придржуваат кон барањата на ЗАПДМ. Видете www.copyright.gov за повеќе информации.

## 17. ИНФОРМАЦИИ ЗА ЖИТЕЛИ НА КАЛИФОРНИЈА

Во согласност со Калифорнискиот граѓански законик, дел 1789,3, SMG е обврзана да им ги обезбеди на жителите на Калифорнија следниве конкретни информации за потрошувачките права:

a. Услугите на SMG се во сопственост на и/или со нив управува Service Management Group, LLC, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108.  Телефонскиот број за контакт на SMG е 1-800-764-0439;
b. освен ако не е изречно наведено поинаку, Услугите на SMG се даваат без надомест;
c. за да поднесете поплака во врска со Услугите на SMG или за да добиете повеќе информации за користењето на Услугите на SMG, пратете писмо до Service Management Group, LLC, до:  Data Protection Officer, 1737 McGee Street, Kansas City, MO 64108 или обратете ни се преку е-пошта на privacyofficer@smg.com (со „California Resident Request“ во полето за предмет). Можете да се обратите и до Единицата за помош со поплаки на Министерството за потрошувачки работи (California’s Department of Consumer Affairs), Оддел за потрошувачки услуги (Unit of the Division of Consumer Services), во писмена форма на 400 R Street, Suite 1080, Sacramento, California 95814 или по телефон на 916 445 1254 или на 800 952 5210.

## 18. РАЗНО

a. Овие Правила и политиките за приватност дадени на соодветните веб-локации претставуваат целосна и единствена основа за односот меѓу SMG и вас во однос на прашањата содржани тука.
b. Овие правила се напишани на англиски јазик.  Оваа спогодба на англиски јазик ќе биде меродавна од сите аспекти. Верзиите на оваа спогодба на кој било друг јазик ќе бидат само помошно средство и нема да бидат обврзувачки за ниедна од страните.
c. Овие Правила се направени во корист на и ќе бидат обврзувачки за SMG и за вашите застапници и цесионери, во зависност од случајот.
d. Овие Правила може да ги додели SMG, но вие не можете да ги доделите без претходна писмена согласност од SMG.
e. Ако која било одредба на овие Правила е или стане неспроведлива или невалидна, останатите одредби и понатаму ќе го имаат истото дејство, како таква неспроведлива или неважечка одредба да не била користена.
f. Ако SMG или вие не успеете да извршите некоја од обврските од овие Правила, а другата страна не спроведува таква обврска, неспроведувањето во која било прилика нема да претставува откажување од ниту една обврска и нема да го спречи спроведувањето во која било друга прилика.
g. Ништо содржано во овие Правила нема да се смета дека го става SMG или вас во улога на застапник или претставник на другиот или на заеднички вложувачи или партнери.
h. Ако SMG или вие сте спречен/спречена да извршите или не можете да извршите обврска според овие Правила поради причина која е надвор од разумна контрола на страната која се повикува на оваа одредба, изведбата на засегнатата страна ќе биде продолжена онолку колку што траело одложувањето или неможноста да се работи поради таква причина.
i. Насловите и поднасловите се само помошно средство.

**ПРАШАЊА?**
Ако имате прашања за овие Правила за користење или за Услугите на SMG, обратете ни се на privacyofficer@smg.com.

Можете да ни пишете и на:
Service Management Group, LLC
Attn: Data Protection Officer
1737 McGee Street
Kansas City, MO 64108

®/TM trademarks © Service Management Group, LLC 2017. Сите права се задржани.